А Н А Л И З А

за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ

за период јануари-март 2013 година

мај, 2013 година

Вовед

Фондот за здравствено осигурување на Македонија е основан согласно Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003 , 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012 и 65/2012) како самостојна финансиска институција со права и обврски за спроведување на задолжителното здравствено осигурување на територијата на Република Македонија.

Фондот врши дејност од јавен интерес и врши јавни овластувања утврдени со Законот за здравствено осигурување.

Со Законот за здравствено осигурување на Фондот му се дадени права, обврски и одговорности да ги планира и прибира средствата од придонесот за задолжително здравствено осигурување, со општи акти поблиску да го утврдува начинот на остварување на правата и обврските на осигурените лица, да ги плаќа здравствените услуги и парични надоместоци, да превзема мерки за ефикасно, ефективно и економично користење на средствата, како и други права и обврски од задолжителното здравствено осигурување.

Согласно членот 69-а од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр.65/2012 пречистен текст), Акциониот план на ФЗОМ (Рамка Ф) и Процедурите за изготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот и за буџетите на јавните здравствени установи, Фондот изготвува редовни месечни извештаи за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и извршените трансфери до ЈЗУ, а јавните здравствени установи изготвуваат редовни месечни и квартални извештаи за реализација на средствата пренесени од Буџетот на Фондот.

Месечните извештаи здравствените установи ги доставуваат до Министерството за здравство и до Фондот, а Фондот изготвува збирни извештаи кои ги доставува до Министерството за здравство, Министерството за финансии и до УО на Фондот и ги објавува на својата веб страница.

Месечните извештаи за Фондот и за ЈЗУ се изготвуваат врз база на утврдените обрасци.

Во 2005 година врз основа на овие обрасци се започна со известување на буџетска основа за финансиското работење на Фондот и седум пилот јавни здравствени установи.

Во 2006 година месечни извештаи доставуваат сите јавни здравствени установи.

Фондот изготвува квартални извештаи со анализа за структурата и движењето на наплатените приходи и исплатените средства за расходи кај Фондот и кај ЈЗУ, потоа за дозначените средства од Фондот до здравствените установи, за потрошените лекови и медицински материјали кај ЈЗУ, за вкупните обврски и нивната достасаност за плаќање, за состојбата на залихите кај ЈЗУ и друго.

Анализата на финансиските податоци за Фондот и ЈЗУ се доставува на користење на Министерството за здравство и Министерството за финансии и се објавува на веб страницата на Фондот за здравствено осигурување.

РЕЗИМЕ:

ПРИХОДИ НА ФЗОМ

Во периодот јануари-март 2013 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија оствари вкупни приходи во износ од 5.241.969 илјади денари кои во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 2,8%. Анализирано поединечно по видови на приходи, приходите во периодот јануари-март 2013 година се остварени под планираните, со исклучок на придонесите од приходите од партиципација, приходите од МЗ, приходите од ПИОМ и приходите од МТСП (за породилни боледувања) кои се остварени во рамките на /над планираното за истиот период.

Структурата на приходите е следната:

-даночни приходи- приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци	52,85%
-приходи од придонеси од корисници на пензии	25,53%
-Приходи од МЗ(Придонес за неосигурени лица)	10,48%
-неданочни приходи (партиципација, конвенции и останати)	2,16%
-придонеси на корисници на права од социјална заштита	0,63%
-трансфери од Министерство за труд (породилно)	7,56%
-приходи од Агенцијата за вработување	0,79%

РАСХОДИ НА ФЗОМ

Во периодот јануари-март 2013 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија оствари вкупни расходи во износ од 5.270.601 илјади денари кои во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 23,57% и во вкупен износ се под планираното за истиот период за 5,7%.

Структурата на расходите е следната:

-здравствени услуги	87,10%
-надоместоци	10,73%
-адинистративни (фунционални) расходи	2,17%

МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК ОД ФЗОМ ДО ЈЗУ

Заклучно со 31.03.2013 година одобрениот износ на средства на јавните здравствени установи за извршени здравствени услуги средства е во висина од 3.180.972.959 денари, односно 25,53% од вкупните надоместоци на ЈЗУ за 2013 година.

ПРИХОДИ НА ЈЗУ

Во периодот јануари-март 2013 години ЈЗУ остариле вкупни приходи во износ од 3.688..857 илјади денари од кои: приходи од ФЗОМ (86,23%), сопствени приходи (13,65%) и приходи од донации (0,11%).

РАСХОДИ НА ЈЗУ

Вкупните платени средства за расходи на ЈЗУ за периодот јануари-март 2013 година изнесуваат 3.686.064 илјади денари. Структурата на платените средства за расходи е следната:

-плати и надоместоци	48,80%
-материјали и ситен инвентар	29,71%
-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	10,29%
-останати расходи	11,20%

ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Во периодот јануари-март 2013 година потрошените средства за лекови и медицински материјали изнесуваат 1.042.775 илјади денари.

Потрошените средства за лекови и медицински материјали споредени со истиот период од 2012 година (износ 983.245 илјади денари) бележат зголемување од 6,1%.

ОБВРСКИ НА ЈЗУ

Вкупните обврски на Јавните здравствени установи на 31.03.2013 година изнесуваат 3.567.102 илјади денари, кои споредени со состојбата на 31.03.2012 година (износ 3.119.982 илјади денари) се зголемени за 14.33%.

ДОЛГОВИ НА ЈЗУ

Вкупните долгови на ЈЗУ на 31.03.2013 година изнесуваат 2.237.664 илјади денари и во споредба со состојбата од 31.01.2013 (износ 2.211.700 илјади денари) бележат зголемување од 1.2%.

Најголемо намалување на долговите во месец март во однос на состојбата во м.февруари има кај следните ЈЗУ:

1	*ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања*	*-4.350*	*илјади денари*
2	*ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија*	*-4.028*	*илјади денари*
3	*ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија*	*-4.012*	*илјади денари*

Најголем пораст на долговите споредбено во м.март во однос на м.февруари има во следните ЈЗУ:

1	*ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија*	*9.128*	*илјади денари*
2	*ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија*	*8.617*	*илјади денари*
3	*ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство*	*7.729*	*илјади денари*

Финансиски податоци на Фондот

1. Приходи на Фондот

Остварени вкупни приходи

Во периодот јануари-март 2013 година во Фондот се остварени приходи во износ од 5.241.969 илјади денари, што преставува просечен месечен приход во износ од 1.747.323 илјади денари.

Остварените приходи за периодот јануари-март 2013 година споредени со остварените приходи за истиот период во 2012 година (износ 5.250.170 илјади денари) се на приближно исто ниво.


Планирани приходи

Планираните вкупни приходи за периодот јануари-март 2013 година изнесуваат 5.391.191 илјади денари или просечно месечно 1.797.064 илјада денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените приходи се помали за 2,8%.

Вкупни приходи јануари-март 2013/2012 во (000) денари

Опис	Остварено јануари-март 2012 година	Буџет 2013 година	Остварено јануари-март 2013	% на остварени приходи 2013/2012	% на остварени приходи во периодот јануари-март 2013 во однос на буџетот 2013 година
Вкупен приход	5.250.170	22.365.585	5.241.969	99,84%	23,44%

Графички приказ на вкупни приходи за период јануари-март 2013/2012 година



Движење на вкупните приходи за период јануари-март 2013 година


месец	план	остварено	% на остварување
јануари	1.699.899	1.484.118	87,31%
февруари	1.841.345	1.941.313	105,43%
март	1.849.947	1.816.538	98,19%
вкупно	5.391.191	5.241.969	97,23%

Анализирано поединечно по видови на приходи, приходите во периодот јануари-март 2013 година се остварени под планираните, со исклучок на придонесите од приходите од партиципација, приходите од МЗ, приходите од ПИОМ и приходите од МТСП (за породилни боледувања) кои се остварени во рамките на/над планираното за истиот период.

Структура на остварени приходи јануари-март 2013 година **(во 000 денари)**

приход	Остварено јануари-март 2012 година	Буџет 2013 година	Остварено јануари-март 2013 година	% на остварување во однос на буџетот 2013 година	% на остварување 2013/2012	% на учество во вкупните приходи
ДАНОЧНИ ПРИХОДИ	2.702.339	12.319.000	2.770.427	22,49%	102,52%	52,85%
➢ Придонеси од бруто плати и надоместоци	2.702.339	12.319.000	2.770.427	22,49%	102,52%	52,85%
ДРУГИ ПРИДОНЕСИ	1.626.274	6.861.000	1.808.776	26,36%	111,22%	34,51%
➢ Придонеси ПИОМ	1.224.321	5.176.000	1.338.038	25,85%	109,29%	25,53%
➢ Придонеси Агенција за вработување	49.625	200.000	41.170	20,59%	82,96%	0,79%
➢ Придонеси на корисници на права од социјална заштита	44.707	135.000	33.224	24,61%	74,31%	0,63%
➢ Трансфери од Министерство за труд (породилно)	307.621	1.350.000	396.344	29,36%	128,84%	7,56%
НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ	119.719	450.000	113.192	25,15%	94,55%	2,16%
➢ Приходи од партиципација	82.621	300.000	83.931	27,98%	101,59%	1,60%
➢ Останати неданочни приходи	37.098	150.000	29.261	19,51%	78,87%	0,56%
ТРАНСФЕРИ	801.838	2.735.585	549.574	20,09%	68,54%	10,48%
➢ Приходи од МЗ (Придонес за неосигурани лица)	572.713	2.127.000	549.574	25,84%	95,96%	10,48%
➢ Трансфери од Буџетот на РМ	229.125	608.585	0			
ВКУПНО:	5.250.170	22.365.585	5.241.969	23,44%	99,84%	100%

Графички приказ на структурата на остварените приходи во периодот јануари-март 2013 година



1. Приходи од придонеси од бруто плати на вработените

Во структурата на приходи од придонеси од бруто плати на вработените се вклучени:

- придонеси од задолжително здравствено осигурување од бруто плати на вработените кај правните субјекти;
- придонеси за задолжително здравствено осигурување на лица кои вршат самостојна дејност;
- придонеси од задолжително здравствено осигурување на лица кои се занимаават со земјоделство, сточарство, живинарство, пчеларство или риболов;
- придонес за задолжително здравствено осигурување на други осигуреници;
- дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување;
- придонес за здравствено осигурување за изминати години


Овие приходи учествуваат со 52,85% во структурата на вкупните приходи остварени во периодот јануари-март 2013 година.

Во периодот јануари-март 2013 година, приходите од придонеси од бруто плати на вработените се остварени во износ од 2.770.427 илјади денари и се со процент на остварување од 22,5% во однос на годишниот план.

Овие приходи споредени со истиот период од 2012 година бележат зголемување од 2,5%.

Динамиката на остварување на овие приходи по месеци во периодот јануари-март 2013 година е нерамномерна и е под планираното за истиот период за 2,5%.

Графички приказ на планирани и остварени приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци за период јануари-март 2013 година



2. ДРУГИ ПРИДОНЕСИ

во илјади денари

приходи	Остварено јануари-март 2012 година	јануари-март 2013 година			% на остварување 2013/2012 година	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот		
➢ **Придонеси ПИОМ**	1.224.321	1.334.233	1.338.038	100,29%	109,29%	73,97%
➢ **Придонеси за невработени лица**	49.625	50.010	41.170	82,32%	82,96%	2,28%
➢ **Придонеси на корисници на права од социјална заштита**	44.707	33.750	33.224	98,44%	74,31%	1,84%
➢ **Трансфери од Министерство за труд (породилно)**	307.621	337.500	396.344	117,44%	128,84%	21,91%
ВКУПНО:	1.626.274	1.755.493	1.808.776	103,04%	111,22%	100%

Придонеси од корисници на пензии

Во периодот јануари-март 2013 година, приходите од корисници на пензии се остварени во вкупен износ од 1.338.038 илјади денари со индекс на остварување од 25.9 во однос на годишниот план.

Во структурата на вкупните остварени приходи во периодот јануари-март 2013 година, овие приходи учествуваат со 25,5%.

Овие приходи споредени со истиот период од 2012 година (износ 1.224.321 илјада денари) бележат зголемување од 9,3%.


Остварените приходи од корисници на пензии во однос на планираните за истиот период се поголеми за 0,3%. Наплатата на придонесите од корисниците на пензии во текот на овој период од 2013 година е со рамномерна месечна уплата.

Придонеси на корисници на права од социјална заштита и трансфери од Министерство за труд и социјална политика (породилни)

Во структурата на вкупните остварени приходи во периодот јануари-март 2013 година учествуваат со 8,2%.

Овие приходи за периодот јануари-март 2013 година се остварени во вкупен износ од 429.568 илјади денари, и со процент на остварување од 29% во однос на годишниот план.

Графички приказ на други придонеси за период јануари-март 2013 година



3. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ

Во структурата на други неданочни приходи се вклучени:

- приходи од наплатена партиципација
- приходи по конвенции
- и други неданочни приходи

приход	Остварено јануари-март 2012 година	Јануари-март 2013 година			% на остварување 2013/2012	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување		
➢ **Приходи од партиципација**	82.621	76.646	83.931	109,50%	101,59%	74,15%
➢ **Останати неданочни приходи**	37.098	37.500	29.261	78,03%	78,87%	25,85%
Вкупно	119.719	114.146	113.192	99,16%	94,55%	100%

Овие приходи учествуваат со 2,16% во структурата на вкупните приходи остварени во периодот јануари-март 2013 година.
Во периодот јануари-март 2013 година овие приходи се остварени во износ од 113.192 илјади денари и индекс на остварување од 25.15 во однос на годишниот план.
Овие приходи споредени со истиот период од 2012 година бележат намалување од 5.5%, што е резултат на помалкуостварените останати неданочни приходи.
Во периодот јануари-март 2013 година приходите од партиципација се остварени во износ од 83.931 илјади денари и имаат индекс на остварување 28 во однос на годишниот план.
Останатите неданочни приходи во периодот јануари-март 2013 година се остварени во износ од 29.261 илјади денари и во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 19,5%.
Динамиката на месечното остварување на оваа група на приходи е нерамномерна и под годишниот план.

4. Трансфери

Приходи од Министерство за здравство - Во периодот јануари-март 2013 година, од приходите од МЗ (придонеси за неосигурени лица) се добиени средства во висина од 549.574 илјади денари што во однос на годишниот план е процент на остварување од 25,84%.
Овие приходи во структурата на вкупно остварените приходи учествуваат со 10,5%.

Пренесени приходи од претходна година - Преставуваат нераспоредени средства затекнати на сметката на 31.12.2012 година во износ од 111.741 илјади денари, кои се пренесени како приход за наредна година.

Состојба на паричните средства на сметката на Фондот

На 31.03.2013 година состојбата на сметката и благајната изнесува 83.120 илјади денари.

2 Расходи на Фондот

Остварени вкупни расходи

Во периодот јануари-март 2013 расходите се остварени во износ од 5.270.601 илјади денари, што претставува просечен месечен расход од 1.756.867 илјади денари.
Остварените расходи за периодот јануари-март 2013 година споредени со остварените расходи за истиот период од 2012 година (износ 5.252.058 илјади денари) бележат зголемување од 0,4%.


Планирани расходи

Планираните вкупни расходи во периодот јануари-март 2013 година изнесуваат 5.591.397 илјади денари или просечно месечно 1.863.799 илјади денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените расходи се помали за 5,7%.

Вкупни расходи јануари-март 2013/2012

Опис	остварено јан-март 2012 година	буџет 2013 година	Остварено јан-март 2013 година	% ост/план	% на остварување 2013/2012
Вкупен расход	5.252.058	22.365.585	5.270.601	23,57%	100,35%

Графички приказ на вкупни расходи за период јануари-март 2013/2012




Движење на вкупните расходи за период јануари-март 2013 година

месец	план	остварено	% на остварување
јануари	1.863.799	1.538.422	82,54%
февруари	1.863.799	1.851.222	99,33%
март	1.863.799	1.880.957	100,92%
вкупно	5.591.397	5.270.601	94,26%

Структура на расходите

Структурата на расходите ја сочинуваат:

1. Здравствена дејност и осигурување (97,83%)
2. Функционални расходи на Фондот (2,17%)



1.Здравствена дејност и осигурување

Во расходите за здравствена дејност и осигурување се вклучени:

- здравствени услуги и
- надоместоци

Расходи за здравствена дејност и осигурување во периодот јануари-март 2013/2012


Опис	остварено јануари-март 2012	Јан-март 2013			% 2013/2012
		планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот	
➢ Здравствени услуги	4.792.753	4.864.325	4.590.586	94,37%	95,78%
➢ Надоместоци	343.698	602.500	565.683	93,89%	164,59%
Вкупно	**5.136.451**	**5.466.825**	**5.156.269**	94,32%	100,39%

Во структурата на вкупните расходи за периодот јануари-март 2013 година, најголемо учество имаат расходите за плаќање на здравствените услуги на осигурените лица со 87,1% или во вкупен износ од 4.590.586 илјади денари. Овие расходи во однос на годишниот план се остварени со 23,59%, додека споредени со истиот период од 2012 бележат намалување од 4,22%.

Во структурата на вкупните остварени расходи во периодот јануари-март 2013 година, надоместоците имаат учество од 10,73% и изнесуваат 565.683 илјади денари. Во однос на планот за истиот период, надоместоците се остварени со 93,89% а истите споредени со истиот период од 2012 година се повеќе остварени за 64,6%.

Динамиката на остварување на расходите за здравствена дејност и осигурување по месеци е нерамномерна и е под планот, со исклучок на м. март 2013 година.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за здравствена дејност и осигурување јануари-март 2013 година



2. Расходи за функцијата на Фондот

Расходите за функцијата на Фондот ја сочинуваат:

- плати и надоместоци
- стоки и услуги
- капитални расходи

Расходи за функцијата на Фондот јануари-март 2013 година

Опис	остварено јануари-март 2012	јан-март 2013			% 2013/2012
		планирано	остварено	% на остварување во однос на планот	
➢ **плати и надоместоци**	77.791	76.221	76.109	99,85%	97,84%
➢ **стоки и услуги**	36.734	36.204	33.666	92,99%	91,65%
➢ **исплати по извршни исправи**	115	1.397	318	22,77%	276,52%
➢ **капитални расходи**	967	10.750	4.239	39,43%	438,37%
Вкупно	115.607	124.571	114.332	91,78%	98,90%


Во структурата на остварените вкупни расходи во периодот јануари-март 2013 година, расходите за функцијата на Фондот учествуваат со 2,17% или во вкупен износ од 114.332 илјади денари. Овие расходи во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 8,22%, а споредени со истиот период од 2012 година бележат намалување од 1,1%.

Расходите за плати и надоместоци во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 1,44% и имаат процент на остварување 99,85 % во однос на планот за истиот период.

Расходите за стоки и услуги во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 0,64%, во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 7% и бележат намалување од 8,35% во споредба со истиот период од 2012 година.
Остварените капитални расходи за период јануари-март 2013 година имаат остварување од 39,43% и во однос на истиот период во 2012 година зголемени се за 3.272 илјади денари.

Динамиката на остварување на овие расходи на Фондот е нерамномерна и под планот, што е во зависност од доспеаноста на обврските.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за функцијата на Фондот јануари-март 2013 година



ФЗОМ

ИЗВЕШТАЈ

на месечен надоместок од ФЗОМ до ЈЗУ-2013 година

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2013 година (Седница на УО од 27.12.2012)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.03.2013 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.03.2013 година во однос на договорниот надоместок за 2013 година
1	Стоматолошки клинички центар	120.000.000	30.000.000	25,00%
2	Клиника за максилофацијална хирургија	25.100.000	6.275.001	25,00%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	102.000.000	25.500.000	25,00%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	650.000.000	162.500.001	25,00%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	298.000.000	74.499.999	25,00%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	20.000.000	5.000.001	25,00%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	201.000.000	50.250.000	25,00%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	77.000.000	19.250.001	25,00%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	61.000.000	15.249.999	25,00%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	52.000.000	16.869.999	32,44%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	72.000.000	18.000.000	25,00%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	330.000.000	82.500.000	25,00%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	45.000.000	11.250.000	25,00%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	307.000.000	76.749.999	25,00%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	151.800.000	37.950.000	25,00%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	35.000.000	8.750.001	25,00%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	200.000.000	50.000.001	25,00%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	85.950.000	21.487.500	25,00%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	102.000.000	25.500.000	25,00%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	147.000.000	36.750.000	25,00%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	99.000.000	24.750.000	25,00%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	59.800.000	14.949.999	25,00%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	66.000.000	16.500.000	25,00%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	64.000.000	15.999.999	25,00%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	49.000.000	12.249.999	25,00%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	374.000.000	93.500.001	25,00%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	45.000.000	11.250.000	25,00%
28	ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје	29.500.000	7.374.999	25,00%
29	Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	330.000.000	82.500.000	25,00%
30	Клиничка болница-Битола	549.000.000	137.250.000	25,00%
31	Општа болница-Гевгелија	102.000.000	25.500.000	25,00%
32	Општа болница-Гостивар	214.000.000	55.499.999	25,93%
33	Општа болница-Дебар	54.000.000	20.700.000	38,33%
34	Општа болница-Кавадарци	130.000.000	32.499.999	25,00%
35	Општа болница-Кичево	79.000.000	19.749.999	25,00%
36	Општа болница-Кочани	125.500.000	31.374.999	25,00%
37	Општа болница-Куманово	306.000.000	83.166.666	27,18%
38	Општа болница-Охрид	209.000.000	52.250.001	25,00%
39	Општа болница-Прилеп	300.000.000	79.000.000	26,33%
40	Општа болница-Струга	141.000.000	35.250.000	25,00%
41	Општа болница-Струмица	244.000.000	60.999.999	25,00%
42	Клиничка болница-Тетово	439.000.000	109.749.999	25,00%
43	Општа болница-Велес	204.000.000	51.000.000	25,00%
44	Клиничка болница-Штип	311.000.000	77.750.001	25,00%
45	Градска општа болница 8-ми септември	530.000.000	132.500.001	25,00%
46	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	221.500.000	55.374.999	25,00%
47	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Мајка Тереза-Скопје	106.200.000	26.550.000	25,00%
48	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	88.000.000	21.999.999	25,00%
49	Психијатриска болница-Скопје	187.700.000	46.925.001	25,00%
50	Психијатриска болница-Демир Хисар	128.000.000	32.000.001	25,00%
51	Психијатриска болница-Негорци	52.700.000	13.175.001	25,00%
52	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес	28.000.000	6.999.999	25,00%
53	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	127.500.000	40.763.890	31,97%

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2013 година (Седница на УО од 27.12.2012)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.03.2013 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.03.2013 година во однос на договорниот надоместок за 2013 година
54	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	43.500.000	10.875.000	25,00%
55	Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје	60.000.000	15.000.000	25,00%
56	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола	12.000.000	3.000.000	25,00%
57	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид	95.000.000	25.100.001	26,42%
58	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања-Отешево	20.000.000	5.000.001	25,00%
59	Геронтолошки завод-Скопје	78.000.000	19.500.000	25,00%
60	Завод за нефрологија-Струга	202.500.000	50.625.000	25,00%
61	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза- Лешок-Тетово	21.400.000	5.349.999	25,00%
62	Здравствен дом-Битола	104.000.000	26.000.001	25,00%
63	Здравствен дом-Гевгелија	31.824.000	10.656.000	33,48%
64	Здравствен дом-Гостивар	69.000.000	17.250.000	25,00%
65	Здравствен дом-Дебар	17.700.000	4.425.000	25,00%
66	Здравствен дом-Кавадарци	37.748.000	9.437.001	25,00%
67	Здравствен дом-Кичево	33.000.000	8.250.000	25,00%
68	Здравствен дом-Кочани	24.400.000	6.099.999	25,00%
69	Здравствен дом-Крива Паланка	73.500.000	18.375.000	25,00%
70	Здравствен дом-Куманово	76.500.000	19.125.000	25,00%
71	Здравствен дом-Охрид	64.600.000	19.422.727	30,07%
72	Здравствен дом-Прилеп	98.200.000	24.549.999	25,00%
73	Здравствен дом-Струга	36.500.000	9.125.001	25,00%
74	Здравствен дом-Струмица	52.700.000	13.175.001	25,00%
75	Здравствен дом-Тетово	97.400.000	24.350.001	25,00%
76	Здравствен дом-Велес	54.000.000	13.500.000	25,00%
77	Здравствен дом-Штип	33.000.000	8.250.000	25,00%
78	Здравствен дом-Берово	24.648.000	6.162.000	25,00%
79	Здравствен дом-Македонски Брод	20.800.000	6.208.181	29,85%
80	Здравствен дом-Валандово	30.024.000	7.506.000	25,00%
81	Здравствен дом-Вевчани	28.200.000	7.050.000	25,00%
82	Здравствен дом-Виница	28.000.000	6.999.999	25,00%
83	Здравствен дом-Делчево	63.000.000	15.750.000	25,00%
84	Здравствен дом-Демир Хисар	23.100.000	5.775.000	25,00%
85	Здравствен дом-Кратово	21.700.000	5.424.999	25,00%
86	Здравствен дом-Крушево	19.000.000	4.749.999	25,00%
87	Здравствен дом-Неготино	45.400.000	11.349.999	25,00%
88	Здравствен дом-Пехчево	19.248.000	4.812.000	25,00%
89	Здравствен дом-Пробиштип	21.000.000	5.250.000	25,00%
90	Здравствен дом-Радовиш	33.124.000	8.280.999	25,00%
91	Здравствен дом-Ресен	40.000.000	9.999.999	25,00%
92	Здравствен дом-Ростуше	14.100.000	3.925.000	27,84%
93	Здравствен дом-Свети Николе	30.300.000	7.575.000	25,00%
94	Здравствен дом-Скопје	585.000.000	146.250.000	25,00%
95	Здравствен дом-Железничар	26.200.000	6.549.999	25,00%
96	Здравствена станица на Универзитетот Кирил и Методиј-Скопје	6.500.000	1.625.001	25,00%
97	Здравствена станица-Железара	117.700.000	29.424.999	25,00%
98	Медицински факултет-Институти-Скопје	163.000.000	40.749.999	25,00%
99	Институт за трансфузиона медицина на РМ	345.000.000	111.000.000	32,17%
100	Институт за јавно здравје на Република Македонија	25.000.000	6.249.999	25,00%
101	Центар за јавно здравје-Битола	24.000.000	6.000.000	25,00%
102	Центар за јавно здравје-Велес	19.000.000	4.749.999	25,00%
103	Центар за јавно здравје-Кочани	16.800.000	4.200.000	25,00%
104	Центар за јавно здравје-Прилеп	20.000.000	5.000.001	25,00%
105	Центар за јавно здравје-Куманово	12.000.000	3.000.000	25,00%
106	Центар за јавно здравје-Скопје	40.100.000	10.025.001	25,00%
107	Центар за јавно здравје-Струмица	9.000.000	2.250.000	25,00%
108	Центар за јавно здравје-Тетово	22.400.000	5.600.001	25,00%
109	Центар за јавно здравје-Штип	13.400.000	3.350.001	25,00%

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2013 година (Седница на УО од 27.12.2012)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.03.2013 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.03.2013 година во однос на договорниот надоместок за 2013 година
110	Центар за јавно здравје-Охрид	11.900.000	2.975.001	25,00%
111	Институт за Медицина на трудот на РМ	23.400.000	5.850.000	25,00%
112	Здравствена станица Липково	5.700.000	1.425.000	25,00%
	ВКУПНО:	**12.459.466.000**	**3.180.972.959**	**25,53%**

Финансиски податоци на ЈЗУ

Приходи на ЈЗУ

Приходите на ЈЗУ ги опфаќаат приходите наплатени од Фондот,средствата од програмите за здравствена заштита, сопствените приходи и донации. Приходите на ЈЗУ во периодот јануари-март 2013 година се остварени во износ од 3.688.856.602 денари.

Одобрениот износ на средства од Фондот во периодот јануари-март 2013 година изнесува 3.180.972.959 во структурата на вкупните приходи учествува со 86.23%.


Сопствените приходи (во кои се вклучени и средствата од програмите за здравствена заштита) во периодот јануари-март 2013 година се остварени во вкупен износ од 503.700.315 денари и во структурата на вкупните приходи на ЈЗУ учествуваат со 13,65 % , а во однос на планираниот годишен износ имаат процент на остварување од 20,61.

Приходите од донации на ЈЗУ во анализираниот период се остварени во вкупен износ од 4.183.328 денари, во однос на годишниот план имаат индекс на остварување од 7.76 и во структурата на вкупно остварените приходи имаат учество од 0.11%.

Структура на приходи јануари-март 2013 год во (000) денари

Приходи	остварено јануари-март 2012 година	планирани приходи 2013 година	приходи јануари-март 2013 година	% ост/план	% 2013/2012	% на учество во вкупните приходи јануари-март 2013
Приходи од ФЗОМ	3.170.283	12.459.466	3.180.973	25,53%	100,34%	86,23%
Сопствени приходи	510.883	2.443.643	503.700	20,61%	98,59%	13,65%
Приходи од донации	5.915	53.876	4.184	7,77%	70,74%	0,11%
Вкупно	3.687.081	14.956.985	3.688.857	24,66%	100,05%	100%

Графички приказ на структурата на приходите на ЈЗУ за период јануари-март 2013 година



Графички приказ на приходите на ЈЗУ 2013/2012 година (во 000 денари)



Вкупно за сите ЈЗУ

ИЗВЕШТАЈ

за приходите на ЈЗУ за период 01.01.-31.03.2013 година

р. бр.	Конто	Опис	планиран годишен износ	јануари	февруари	март	вкупно	Ост /план	% на учество во вкупните приходи
1	2	3	4	5	6	7	8	9 (8/4)	10
1		**Вкупно приходи (2+3+13):**	**14.956.984.514**	**1.254.712.223**	**1.214.980.734**	**1.219.163.645**	**3.688.856.602**	**24,66%**	**100,00%**
2		**Приходи од ФЗОМ:**	**12.459.466.000**	**1.093.238.831**	**1.055.917.619**	**1.031.816.509**	**3.180.972.959**	**25,53%**	**86,23%**
3		**Сопствени приходи (4+5+6+7+8+9+10+11)**	**2.443.642.642**	**161.291.435**	**158.772.015**	**183.636.865**	**503.700.315**	**20,61%**	**13,65%**
4	721	Претприемачки приход и приход од имот	38.118.364	18.000	15.000	1.130	**34.130**		
5	723	Такси и надоместоци	1.147.672.105	91.310.166	92.178.971	108.500.297	**291.989.434**		
6	724	Други владини услуги	65.007.685	1.000	17.000	8.896	**26.896**		
7	725	Други неданочни приходи	791.078.174	67.104.210	64.543.994	73.040.643	**204.688.847**		
8	731	Продажба на капитални средства	9.957.000	443.490	46.970	5.000	**495.460**		
9	733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	500.000	0	39.442	34.723	**74.165**		
10	741	Трансфери од други нивоа на власт	389.309.314	2.418.853	1.930.638	2.046.176	**6.395.667**		
11	771	Продажба на хартии од вредност	2.000.000	0			**0**		
12		**Приходи од донации (13+14+15+16+17+18)**	**53.875.872**	**181.957**	**291.100**	**3.710.271**	**4.183.328**	**7,76%**	**0,11%**
13	723	Такси и надоместоци					**0**		
14	725	Други неданочни приходи	0	92.252		103.950	**196.202**		
15	741	Трансфери од други нивоа на власт					**0**		
16	742	Донации од странство	29.654.722	0		3.556.321	**3.556.321**		
17	743	Капитални донации	4.650.300	0			**0**		
18	744	Тековни донации	19.570.850	89.705	291.100	50.000	**430.805**		

Салдо на крајот од претходниот месец	333.187.622	428.345.305	401.599.739
Салдо на крај од тековниот месец:	428.345.305	401.599.739	322.397.154

ЗАБЕЛЕШКА:

* Податоците за приходите од табелата се добиени од трезорот на ФЗОМ и доставениот месечен извештај на Медицински факултет

** Во планираниот годишен износ на приходи не е вклучен годишниот план на приходи од сопствени средства и приходи од донации на Медицински факултет-Институти-Скопје

ПРЕГЛЕД

НА ПРИХОДИ ПО ВИДОВИ НА ЈЗУ ВО ПЕРИОД 01.01- 31.03.2013 ГОДИНА

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени/ Планирани Сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
1	Стоматолошки клинички центар	174.818.677	30.000.000	11.257.734		41.257.734	23,60	20,57%	1,12%
2	Клиника за максилофацијална хирургија	30.555.072	6.275.001	905.218		7.180.219	23,50	16,59%	0,19%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	144.412.497	25.500.000	11.881.893	0	37.381.893	25,89	28,22%	1,01%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	698.768.030	162.500.001	5.656.358	0	168.156.359	24,06	13,47%	4,56%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	339.800.001	74.499.999	9.609.302	76.734	84.186.035	24,78	22,99%	2,28%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	113.123.081	5.000.001	14.060.642		19.060.643	16,85	15,10%	0,52%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	222.704.644	50.250.000	1.620.243		51.870.243	23,29	18,00%	1,41%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	86.079.308	19.250.001	2.926.109		22.176.110	25,76	32,63%	0,60%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	69.264.000	15.249.999	2.929.830		18.179.829	26,25	35,45%	0,49%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	59.000.000	16.869.999	1.267.116	0	18.137.115	30,74	21,12%	0,49%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	77.000.001	18.000.000	1.003.289		19.003.289	24,68	20,07%	0,52%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	346.186.226	82.500.000	999.282	0	83.499.282	24,12	6,47%	2,26%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	49.831.633	11.250.000	708.201		11.958.201	24,00	15,12%	0,32%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	324.092.384	76.749.999	3.398.664	129.600	80.278.263	24,77	22,07%	2,18%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	176.652.549	37.950.000	2.419.660	3.479.587	43.849.247	24,82	13,52%	1,19%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	41.541.833	8.750.001	1.406.969		10.156.970	24,45	21,90%	0,28%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	223.843.318	50.000.001	1.425.201		51.425.202	22,97	5,98%	1,39%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	91.153.532	21.487.500	1.498.176	0	22.985.676	25,22	33,29%	0,62%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	111.173.217	25.500.000	1.517.670	0	27.017.670	24,30	16,86%	0,73%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	164.000.000	36.750.000	2.845.369		39.595.369	24,14	16,74%	1,07%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	106.370.837	24.750.000	1.614.817		26.364.817	24,79	23,00%	0,71%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	69.356.704	14.949.999	1.976.522	0	16.926.521	24,41	23,18%	0,46%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	71.365.739	16.500.000	922.815		17.422.815	24,41	17,67%	0,47%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	76.223.858	15.999.999	2.724.069		18.724.068	24,56	22,70%	0,51%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	64.000.000	12.249.999	1.861.135		14.111.134	22,05	12,41%	0,38%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	411.902.626	93.500.001	6.271.535	0	99.771.536	24,22	17,24%	2,70%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	55.338.561	11.250.000	1.426.624	0	12.676.624	22,91	17,74%	0,34%
28	ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје	31.916.993	7.374.999	283.620		7.658.619	24,00	22,33%	0,21%
29	Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски лекување, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	401.860.790	82.500.000	14.726.447		97.226.447	24,19	20,50%	2,64%
30	Клиничка болница-Битола	617.710.167	137.250.000	14.070.390	99.950	151.420.340	24,51	21,65%	4,10%
31	Општа болница-Гевгелија	117.855.041	25.500.000	2.113.597	0	27.613.597	23,43	15,34%	0,75%
32	Општа болница-Гостивар	248.000.000	55.499.999	7.698.481		63.198.480	25,48	22,64%	1,71%
33	Општа болница-Дебар	65.732.399	20.700.000	105.945		20.805.945	31,65	0,91%	0,56%
34	Општа болница-Кавадарци	144.622.644	32.499.999	3.028.935	0	35.528.934	24,57	22,88%	0,96%
35	Општа болница-Кичево	91.052.585	19.749.999	2.644.999		22.394.998	24,60	22,04%	0,61%
36	Општа болница-Кочани	146.199.992	31.374.999	3.316.859		34.691.858	23,73	21,19%	0,94%
37	Општа болница-Куманово	345.243.633	83.166.666	9.494.124		92.660.790	26,84	24,19%	2,51%
38	Општа болница-Охрид	243.422.537	52.250.001	6.524.205		58.774.206	24,14	18,97%	1,59%
39	Општа болница-Прилеп	339.935.987	79.000.000	9.091.212	0	88.091.212	25,91	24,64%	2,39%
40	Општа болница-Струга	163.095.361	35.250.000	4.436.812		39.686.812	24,33	20,17%	1,08%
41	Општа болница-Струмица	278.976.445	60.999.999	7.145.995	0	68.145.994	24,43	23,20%	1,85%
42	Клиничка болница-Тетово	510.843.522	109.749.999	16.394.621		126.144.620	24,69	23,42%	3,42%
43	Општа болница-Велес	230.681.306	51.000.000	5.001.936	69.705	56.071.641	24,31	18,75%	1,52%
44	Клиничка болница-Штип	346.370.482	77.750.001	5.805.111		83.555.112	24,12	17,07%	2,27%
45	Градска општа болница 8-ми септември	620.800.000	132.500.001	17.162.496	61.500	149.723.997	24,12	19,07%	4,06%
46	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	245.500.000	55.374.999	6.074.695		61.449.694	25,03	25,31%	1,67%
47	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Мајка Тереза-Скопје	114.800.000	26.550.000	1.734.935		28.284.935	24,64	20,17%	0,77%
48	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	107.500.001	21.999.999	1.861.692	170.000	24.031.691	22,36	11,64%	0,65%
49	Психијатриска болница-Скопје	210.680.000	46.925.001	1.070.857	0	47.995.858	22,78	4,67%	1,30%
50	Психијатриска болница-Демир Хисар	138.601.933	32.000.001	483.340		32.483.341	23,44	4,76%	0,88%
51	Психијатриска болница-Негорци	60.472.941	13.175.001	32.870	0	13.207.871	21,84	0,54%	0,36%
52	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес	32.439.682	6.999.999	719.137		7.719.136	23,80	18,02%	0,21%
53	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	193.220.000	40.763.890	12.523.690		53.287.580	27,58	19,06%	1,44%

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени/ Планирани Сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
54	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	59.023.384	10.875.000	1.278.509	0	12.153.509	20,59	14,43%	0,33%
55	Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје	78.190.152	15.000.000	2.325.753		17.325.753	22,16	13,02%	0,47%
56	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола	12.211.019	3.000.000	43.630		3.043.630	24,93	109,08%	0,08%
57	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид	112.282.899	25.100.001	4.573.436		29.673.437	26,43	26,90%	0,80%
58	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања-Отешево	23.409.666	5.000.001	212.893		5.212.894	22,27	6,26%	0,14%
59	Геронтолошки завод-Скопје	170.488.001	19.500.000	19.976.412		39.476.412	23,15	21,60%	1,07%
